


КОНЕКТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА 2025 г.



# СОДРЖИНА

ВОВЕД ............ 3
КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА ............ 5
ИЗВЕШТАЈ ПО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ ............ 8
ФИЛАНТРОПИЈА ............ 8
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ОДРЖЛИВ БИЗНИС ............ 18
ЗАСТАПУВАЊЕ ............ 25
ПОДДРШКА НА ГО ............ 27
КОНЕКТ ВО МЕДИУМИТЕ ............ 30
ФИНАНСИИТЕ ВО КОНЕКТ ............ 31
БЛАГОДАРИМЕ ДОНАТОРИ ............ 34
ЗА КОНЕКТ ............ 35

## СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2026 г.

# ВОВЕД

Годинава научивме важна лекција за одржливоста. Поим што станува популарен, често се изговара, станува стратешка заложба, а малкумина го живееме.

На самиот почеток на годината го изгубивме нашиот најголем стратешки донатор. Ненадеен момент што за многу граѓански организации донесе сериозни предизвици. Ресурсите и тимовите се намалуваа, а со тоа се намали и поддршката што ја овозможуваме. Како да оживеаја сите сесии од нашите обуки за важноста на диверзификација на ресурсите, создавање резерви за одржливост, цврсти релации со донаторите и широка база на поддржувачи. Горди сме што не дозволивме застој. Продолживме со иста посветеност да ја следиме нашата мисија, која денес е поважна од кога било: да ги поттикнуваме граѓаните и бизнисите да донираат и активно да придонесуваат, за граѓанските организации да создаваат промени што го зајакнуваат одржливиот развој.

Рецептот за вистинска одржливост е едноставен, но бара време. Таа не е алатка за „крпење дупки“, туку процес на градење мостови меѓу секторите, кои се потпираат едни на други. **Нашиот мост оваа година бевте токму вие**: партнерите, донаторите, поддржувачите и сите соработници што ја делат нашата визија. Никогаш нема да ја заборавиме солидарноста и поддршката што ни ја понудија организациите коишто ги поддржувавме во текот на годините. Тоа за нас беше најголемото признание за нашата работа. Овој извештај сведочи за силата на здружувањето – како од малку може да се создаде многу, и како солидарноста останува најсилниот двигател на развојот во нашите заедници.

Некои од активностите по кои сме единствени како **донаторскиот кружок** и добротворната модна аукција беа спроведени благодарение на срдечна локална поддршка, без големи проекти и буџети. Тоа ја докажува моќта на филантропијата. Таа не чека големи играчи, туку живее во секоја добра мисла на граѓани, на фирми, мали и големи, на идеи на млади и тука е во арно и во лошо. Единствено и треба можност и платформа што ќе ја насочи, а тоа Конект редовно го прави. Така, годинава бевме тука за Кочани на **www.opop.mk** и на терен, за

доброволците пожарникари, но и за низа здруженија што го менуваат животот на луѓето, не само во итност туку стратешки, секојдневно, чекор по чекор. Овој извештај читајте го како повик да нѝ се придружите во нивна поддршка.

Горди сме на нашиот **Клуб на одговорни бизниси** кој го градиме со компаниите со кои делиме вредности и визија клубот да стане самоодржлив и препознаен. Годинава ќе ја паметиме и по поврзаноста со нашите колеги од регионот и пошироко со кои разменуваме можности и го помагаме создавањето на фондации на заедниците. Продолживме да го шириме и штитиме просторот за граѓанско учество и да застапуваме за закони и политики што ќе донесат повеќе поддршка на граѓанските организации бидејќи тоа е **паметна инвестиција** што создава подобар живот, стабилни заедници и општество што напредува.

Влегуваме во нов циклус посилни, пообединети и со уште подлабоко разбирање на нашата мисија. Благодариме што сте со нас и што ја градите иднината на одржливоста рамо до рамо со Конект.

Со почит,

Никица Кусиникова,
основачка и извршна директорка на Конект



# КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА

## ФИЛАНТРОПИЈА

Годинава создадовме бројни можности за зголемено донирање низ нашата земја.

- Ја реализиравме националната кампања за филантропија „Денови за донирање“ по **трет пат**;
- Со средствата од првиот донаторски фонд во земјата доделивме грантови во вкупен износ од **530.017 денари** на **4 организации**: **Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“**, **Здружение „Палиум“**, **Здружение „Мрежа на македонски доброволни противпожарни друштва“ од Свети Николе** и **Младинска асоцијација „ИМКА“ од Битола**.
- Како одговор на несреќата во Кочани со пожарот во „Пулс“, на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип, преку донаторскиот фонд и доделивме **грант за справување со последиците во висина од 300.300 денари**, донации од граѓани и бизниси за работа на младинските центри од Кочани и Штип;
- Во рамки на донаторската модна аукција **23 модни дизајнерки и дизајнери, уметници и занаетчии** донираа уникатни креации со што се собраа **над 565.000 денари ден во финансиски средства, добра и услуги;**
- На организираните активности во текот на целата година промовиравме и **донирање време.** Над **54 прекрасни волонтер(к)и** се вклучија во активностите за донирање годинава;
- На шестиот донаторски кружок се донираа **683.000 денари. 8 компании, 2 ГО и 120 граѓани** годинава здружено донираа на кружокот за да направат значајни промени во своите заедници.
- Донесовме инспирација од **студиска посета во Србија и Босна и Херцеговина** заедно со организациите кои работат согласно моделот на фондации на заедниците. Видовме и веруваме дека можеме и ние! Локалните граѓански фондации од овие земји нè инспирираа засилено да работиме на создавање услови филантропскиот потенцијал во нашите заедници да се насочи кон одржлив развој.

6.315.678,00 мкд

- Донирани на Конект и 26 граѓански организации

5.100.177,00 мкд

- Донации во финансиски средства за 2025 година

1.215.501,00 мкд

- Донации во добра и услуги за 2025 година

84.000,00 мкд

- Вредност на волонтерски ангажман за 2025 година

- Нашата платформа за онлајн донирање **Оп-оп бележи раст од 47% во собрани донации.**

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ОДРЖЛИВ БИЗНИС

- Ја организиравме **првата средба за кафе муабети за одржливост** во Фармахем со присуство на **10 претставници од компаниите** членки на **Клубот на одговорни бизниси. Учесниците се согласија дека** одржливоста отвора низа можности и придобивки, а пасивноста го намалува пазарот, конкурентноста, инвестициите, па дури и отвора ризици од губење на дозвола за дејност. Денес, одржливоста сè повеќе станува обврска и клучен дел од бизнис планот, а подготовката е важна особено за компаниите кои немаат воспоставени системи. Ги мапиравме и областите во кои треба да се насочат програмите и активностите на Клубот на одговорни бизниси, особено развој на Програмата за обнова на природата, биодиверзитет и климатска акција, како и програмата за квалитетно образование „Читаме заедно“.
- Ја стартувавме Програмата за обнова на природата, биодиверзитет и климатска акција во рамки на која овозможивме **14 претставници/чки од 8 компании** да се стекнат со нови и применливи знаења за принципите на зелена транзиција, циркуларна економија и одржлив развој.
- **60 претставници/чки од 46 компании,** се стекнаа со нови знаења за успешно применување на родово одговорни семејни политики и овозможување баланс помеѓу работата и приватниот живот за своите вработени;
- **11 компании** досега инвестираа во одржливоста на Клубот на одговорни бизниси покажувајќи ја својата посветеност кон заедничка акција за одржливост.
- Програмата на УНФПА „Проширување на изборот“ поддржа **7 компании** да напредуваат во ESG делот за влијание, човечки ресурси и родово одговорни семејни политики за своите вработени. Преку програмата директно се опфатени **161 вработени**.

## РЕГИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО ДЕЛУВАЊЕ

- Го координиравме акциското истражување за позиционирањето на фондациите на заедниците од Балканот и подготвивме прв системски преглед на потенцијалот, состојбата и предизвиците за моделот на фондации на заедниците кај нас.
- Застапуваме во регионот и меѓународно со цел да не се нарушуваат легитимните хуманитарни и развојни активности на непрофитните организации. Преку коалициите во кои членуваме го следиме влијанието на новата ЕУ директива врз краудфандинг платформите особено тие што се раководени од ГО.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ И КОМУНИКАЦИИ

- Го одржавме обемот на програмски активности. 23 активности вклучија ~480 учесници/чки. И годинава успеавме да бидеме присутни во медиумите. Оваа година броиме 40 објави во традиционалните и онлајн медиумите.

## ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

- Конект е дел Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. На конститутивната седница, извршната директорка е **избрана за Претседателка на Советот** во овој мандат со што **активно даваме придонес** за развој на граѓанското општество.
- Мрежата за финансиска одржливост на ГО што брои **128 членки зеде активно учество во застапување за Законот за здруженија и фондации, Законот за социјални претпријатија и даде придонес во Програмата за работа на Советот до крајот на 2025 и 2026 година.**
- Сертифициравме **2 организации со Ознаката за доверба,** кои под наше менторство ги достигнаа високите стандарди и ги исполнија критериумите.
- Низ **25 организации добија менторска поддршка** и поуспешно прибираат донации во своите заедници и на www.opop.mk.
- **Сервисот „Конектирај се!“ зближува компании и граѓански организации**. Годината ја завршивме со **7 успешни партнерства**.

# ИЗВЕШТАЈ ПО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## ФИЛАНТРОПИЈА

### ГРАДИМЕ НА НАЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЛАНТРОПИЈА

Продолжуваме да го поттикнуваме филантропскиот дух меѓу граѓаните и бизнисите, создавајќи заедно одржливи механизми и решенија за паметно, обмислено и стратешко донирање. Промовираме култура на филантропија која се темели на доверба, отчетност и солидарност. Градиме долгорочна инфраструктура која ќе ги поддржи и донаторите и граѓанските организации, овозможувајќи им да создаваат позитивни промени во своите заедници. Застапуваме за подобри закони, нудиме нови можности за искусување на радоста на донирањето, меѓу другото и преку онлајн платформата за паметно донирање „Оп-оп“. Преку обмислено донирање создаваме решенија на проблемите и нивните причинители, наместо само ублажување на последиците.

**1. Регионална размена за филантропија**

Во 2025 година се вмрежувавме и спроведовме регионална размена на темата развој на локалната филантропија преку фондации на заедниците. Во текот на октомври бевме домаќини за поврзување и преиспитување на развојот на фондациите во заедницата на Балканот и нивната инфраструктура за поддршка. Учесници беа 31 претставник од фондации од заедниците, иницијативи и организациите за поддршка на фондациите во заедниците од Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Бугарија, како и нашите партнери од ECFI. Тие ги споделија своите инспиративни примери, но и развиваа идејни можности за соработка и развој. Разговорите се фокусираа на рамката 4C (credibility, connections, capabilities and capacity). Како клучни точки во овие области се напомена дека:

- кредибилитетот е нивниот најголем адут;
- тие градат и зајакнуваат врски на локално, национално, регионално и меѓународно ниво;
- тие имаат постојани потреби на кои треба да се фокусираат со цел понатамошен развој на нивните способности и поддршката која ја нудат во локалните заедници;
- тие истражуваат иновативни идеи како да го зајакнат својот финансиски капацитет - сè во предизвикувачка средина









Дел од атмосферата од регионалната размена со ECFI и претставници од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Северна Македонија и Србија - фотографии на Конект

**2. Денови за донирање**

Третото издание на националната кампања „Денови за донирање“ покажа дека кампањата продолжува да биде важен дел од филантропската инфраструктура во земјава и нејзин двигател. Успеавме да мобилизираме 717.250 денари во финансиски средства, добра и услуги за граѓански организации кои ги менториравме за мобилизација на локални ресурси во кампањата. Со кампањата поттикнавме култура на локално донирање, покажувајќи дека влијателните иницијативи можат да бидат поддржани од локални ресурси, наместо да се потпираат само на странски донатори.



Дел од атмосферата на добротворната модна аукција во Скопје - фотограф Горан Бошковски

Со организираните активности и со ангажман на над 48 волонтери кампањата продолжи да придонесува за промена на перцепцијата за филантропијата, докажувајќи дека секој може да донира и да стане дел од значајни промени.

**„Кампањата „Денови за донирање“ и поддршката од Конект овозможува ретките болести како Вилсоновата болест да станат видливи во јавноста и да добијат конкретна финансиска и општествена поддршка. Иницијативи како јубилејната трка „Подај рака“ покажуваат дека кога заедницата се мобилизира околу јасна цел, донирањето на граѓаните и бизнисите станува чин на солидарност и активно учество во создавање подобро и поинклузивно општество“** – Ања Босилкова, здружение Вилсон, организација што организираше активности за прибирање средства во рамки на кампањата „Денови за донирање“.

Како централен настан во кампањата „Денови за донирање“ ја издвојуваме и добротворната модна аукција. На годинашната модна аукција обединивме над 150 присутни вљубеници во модата, комбинирајќи стил, филантропија и чувство на заедништво во една незаборавна вечер. Присутните наддаваа за донирани модни креации од 23 реномирани македонски дизајнери и нови модни таленти, студенти дизајнери, собирајќи над 200.500 денари за првиот донаторскиот фонд во земјава.




Фотограф: Томислав Георгиев





Тивка и јавна аукција - Фотограф:  Горан Бошковски

Не ги заборавaме ниту нашите верни донатори и поддржувачи. Годината ја заокруживме со благодарност за сите наши донатори, поддржувачи, волонтери и драги соработници од сите сектори. Организиравме **„Ден за благодарност“ во Конект** на кој свечено ги доделивме грантовите од донаторските фонд на 4 граѓански организации, а ги поврзавме и бизнисите и граѓанските организации што со меѓусебна поддршка заедно создаваат позитивни промени во заедниците.



Благодарници за соработници на Конект
Фото: Конект



Ден за благодарност во Конект -
фото:  Конект

### 3. Доделени првите грантови од донаторскиот фонд на Конект

Донаторскиот фонд е **првиот единствен локален извор на директна финансиска поддршка на граѓанските организации**, здружувајќи ги ресурсите од локалните компании и граѓаните кои од година в година се зголемуваат. Фондот функционира по високи стандарди на квалитет и ефикасност и претставува механизам кој им овозможува на донаторите, семејствата и бизнисите да го зајакнат своето филантропско влијание во своите заедници. Со средствата од првиот донаторски фонд во земјата годинава доделивме грантови на **4 организации во висина од 530.017 денари** и тоа: грант од 126,856 денари на здружение „Отворете ги прозорците“, грант од 126,205 денари на здружение Палиум, грант од 162,653 денари на Здружение Мрежа на македонски доброволни противпожарни друштва од Свети Николе и грант од 114,301 денари на Младинска асоцијација ИМКА од Битола. Го следиме нивниот напредок и ќе ги известуваме донаторите за постигнувањата. Донаторскиот фонд како механизам дава можност локалните донации да се насочат во иницијативи со докажано влијание.




Грант за „Отворете ги прозорците“
фото: Конект








Грантови за „ИМКА Битола“, Здружение „Мрежа на македонски доброволни противпожарни друштва“ од Свети Николе и „Палиум“
фото: Конект

**Донаторски кружок**

Донаторскиот кружок е друштво на индивидуални филантроп(к)и, претставници на локални бизниси и други поддржувачи кои се собираат заедно да донираат за три избрани граѓански иницијативи, кои имаат потенцијал со својата работа позитивно да влијаат во заедницата. Во 2025 година Конект го одржа шестиот по ред донаторски кружок со рекордни постигнувања. **8 компании, 2 ГО и 120 граѓани** годинава здружено донираа на кружокот за да направат значајни

промени во своите заедници, со што успеавме да прибереме **683.000 денари** на донаторскиот кружок.

**„Можностите за финансирање за граѓанските организации се сериозно намалени. Во време н сериозни предизвици за граѓанскиот сектор, секогаш кога имате можност помогнете на граѓанска организација, било финансиски, било со волонтирање или на друг можен начин. Ова го прави кружокот уште поважен и дава можност граѓаните солидарно и здружено да им овозможат на организациите да ги одржат своите програми.“** изјави г-а Никица Кусиникова, извршна директорка на Конект.




Претставниц(чк)и на ГО од донаторскиот кружок - фотограф Стефан Божаров




Дел од атмосферата на донаторскиот кружок во Скопје - фотограф Стефан Божаров

Нашите здружени донации ќе овозможат **500 основци** да научат да го чуваат своето и здравјето на другарчињата со дијабетес преку активностите на **Здружение на лица со дијабетес од Охрид.** Така грижата ќе биде споделена, здравата храна „ин“, а во училниците ќе има и кутии за итни случаи со сè што е потребно за брза реакција на наставниците.

Со собраните донации **„До бебе по пат на ин-витро“** ќе им помагаат на 70 сограѓан(к)и да си ја остварат желбата да бидат мама или тато. Се донираше за бебенцата што сè уште се на пат.

Благодарение на донациите за **ХОПС – Опции за здрав живот**, нивните стручни лица ќе станат први другар(к)и во ноќните клубови, парковите и фестивалите. Ќе одговорат на сите скришни прашања со проверени информации, да помогнат и отворат можност за поддршка. Дониравме за безбедна младешката љубопитност и поддршка на здрави животни избори.

#### 4. Онлајн платформа за групно донирање

Во 2025 ги продолживме нашите заложби и напори за овозможување и одржување на дигиталниот простор за граѓанските организации. Дополнителна вредност на платформата е тоа што таа овозможува и директно донирање кон организациите со што придонесуваме кон одржливоста на ГО. Во 2025 година на **„Оп-оп“** се поставени: **13 кампањи** и се **собрани донации во износ од над 530.000,00 мкд** што претставува **раст од 47% во споредба со 2024 година** каде собравме 360.000,00 мкд. Нашиот стратешки партнер, Телеком покрај промоција, ни обезбедува и бесплатен хостинг за платформата, што е од клучно значење за нејзината долгорочна одржливост.



# ГРАДИМЕ ЛОКАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЛАНТРОПИЈА

Фондациите на заедниците се локални, независни организации кои ги мобилизираат граѓаните, бизнисите и институциите околу заеднички цели, од решавање локални предизвици до создавање долгорочни фондови за подобар живот во заедницата. Тие функционираат како „дом“ на локалната филантропија: место каде се поврзуваат ресурсите, луѓето и идеите за одржлив развој. Во последните две години активно работевме на воспоставување на нови фондации на заедниците во повеќе општини низ земјата. Ги зајакнувавме локалните капацитети, градејќи цврста основа за долгорочен модел кој се покажува како воспоставлив и кај нас, кога заедницата си ги креира сопствените решенија, резултатите се најодржливи.

**1. Учење низ размена на регионални искуства**

Размената со успешни фондации на заедниците од регионот беше клучен двигател во напредокот на нашите локални јадра и лидерски групи во насока на идни фондации на заедниците.

Во 2025 година, преку Balkan Re-think иницијативата која ја координиравме заедно со ECFI, ја продлабочивме регионалната соработка и создадовме силна основа за заеднички учења. Студиските посети во Србија и Босна и Херцеговина им овозможија на учесниците од нашите седум општини да видат како изгледа функционална фондација на заедницата однатре: како собираат донации, како работат со бизнисите и како градат доверба со граѓаните.




Локалните акциски јадра и тимот на Конект на студиска посета во Ниш и Стара Пазова
фото: Конект

**„Студиската посета на фондациите на заедниците во Србија и Босна и Херцеговина беше значајна за нашата организација. За нашиот тим во Гостивар, ова патување беше пресвртна точка. Ни помогна да идентификуваме дека спортските настани се многу применлив и ефективен модел за прибирање средства во нашиот локален контекст. Инспирирани од примерот на Локалната фондација на заедницата Стара Пазова, сега целиме да се фокусираме на градење односи со корпоративни донатори во Гостивар и околината. Овој пристап се усогласува со нашата визија за создавање одржлива поддршка за иницијативи водени од заедницата и поттикнување култура на локална филантропија."** – упретставничка на јадро Гостивар

Локалните фондации од Ниш, Стара Пазова, Бијељина и Тузла покажаа дека моделот е возможен и успешен и во помали, транзициски заедници, токму како нашите. Учесниците се вратија со нова енергија, конкретни алатки и мотивација да продолжат со локални иницијативи, а размената овозможи и почеток на долгорочни партнерства. Сите овие активности беа дел од ЕУ-проектот „Фондации на заедницата – Зајакнување на локалната филантропија во Западен Балкан“, кој го

спроведовме со Фондација Траг (Србија) и Фондација на заедницата Тузла (БиХ). На завршниот настан во октомври 2025 година, повеќе од 30 организации потврдија дека локалната филантропија е двигател на одржливи промени.



Локалните акциски јадра и тимот на Конект на студиска посета во Стара Пазова
фото: Конект

**2. Истражување: што покажува националниот извештај за фондации на заедниците?**

Во 2025 година го координиравме истражувањето за Северна Македонија во рамките на регионалната иницијатива Balkan Re-think за фондациите на заедниците. Ова е прв ваков системски преглед на потенцијалот, состојбата и предизвиците за моделот на фондации на заедниците кај нас.

Клучните наоди од извештајот покажуваат дека:

- Постои реален потенцијал за развој на фондации на заедниците.
- Моделот е разбирлив и прифатлив за локалните заедници, но сè уште недоволно препознаен.
- Недостатокот на системска поддршка ја загрозува одржливоста.




**Со цел фондациите на заедниците да заживеат кај нас** истражувањето јасно укажува дека е потребна:

- **долгорочна институционална поддршка –** општините и државата треба да препознаат дека фондациите на заедниците се партнери во развојот за кои е потребно да се создадат механизми за нивно редовно финансирање.
- **инвестиција во видливоста и препознавањето на моделот –** граѓаните треба да знаат дека постои структура која го здружува локалните ресурси и ги насочува кон потребите на локалната заедница. Довербата се гради со транспарентност и јасен локален ефект.
- **Потребно е континуирано градење капацитети –** организациите кои работат со моделот на фондации на заедниците имаат потреба да продолжат да се обучуваат за темиод локално мобилизирање ресурси до управување со фондови и стратегиско користење на ресурсите.

Целосниот национален извештај е достапен на следниот <<линк>>, додека сумарниот извештај на иницијативата е достапен <<овде>>.

Во 2025 година Конект ја продолжи својата посветеност на развојот на филантропијата во заедниците. Но, извештаите и искуствата покажуваат дека **моделот може да опстане само со системска, долгорочна поддршка**. Локалните иницијативи го имаат потенцијалот, ентузијазмот и довербата на заедницата. Но, без стабилни извори на финансирање, поддршка

за оперативно работење и јасни правила за развој, тој потенцијал може да се изгуби. Како организација која ја води националната агенда за филантропија, Конект ќе продолжи да ги поддржува заедниците, да гради партнерства и да инвестира во инфраструктура што ќе го направи моделот на фондации на заедниците реалност ширум земјата.






Дел од атмосферата од завршниот настан во Скопје во рамки на проектот поддржан од WBF – фото: Конект

Ја промовиравме и публикацијата „Зајакнување на филантропијата во заедниците на Западен Балкан – Приказна за отпорност и грижа“, во која се опфатени и презентирани конкретни чекори во формирањето на Фондации на заедницата базирани на искуството во развојот на фондациите на заедницата во Србија и Босна и Херцеговина. Овој практичен документ ги опишува најдобрите практики и оперативните карактеристики на фондациите на заедницата (CFs) во Србија и БиХ, нудејќи патоказ за воспоставување нови фондации на заедницата во Северна Македонија. Во публикацијата се разработени клучните фактори за успех и опстојување на фондациите на заедницата и истата покажува како специфичните карактеристики на различните национални модели можат да служат како вредни ресурси за негување на разновидноста, создавање поинклузивна средина и зајакнување на движењето на фондациите на заедницата во целина. Публикацијата е достапна на следниот <<линк>>.






# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ОДРЖЛИВ БИЗНИС

Им помагаме на бизнисите да ја препознаат својата моќ за позитивни промени во општеството и заедниците каде делуваат. Од стратешки приоди, преку планови за напредок, до обмислување и реализација на специјални проекти, ние сме нивните советници за ESG, одржливост и општествена одговорност. Влијанието го зголемуваме преку нашиот Клуб на одговорни бизниси што освен индивидуалниот приод кон членките, создава и промовира заедничка акција за одржлив развој во животната средина, доброто управување и развојот на заедницата.

## КЛУБ НА ОДГОВОРНИ БИЗНИСИ

Клубот обединува бизниси со докажано искуство во општествено одговорните практики со истомисленици, посветени на позитивно влијание врз општеството и животната средина. Клубот на одговорни бизниси има неколку клучни компоненти:

- **Колективно влијание** – со здружување на силите, бизнисите во клубот можат да го засилат своето влијание и да поттикнат значајни општествени промени.
- **Лидерство и соработка** – клубот нуди единствена можност врвниот менаџмент на компаниите да се вмрежи и соработува за колективно влијание на одржливиот развој и клучните предизвици на бизнисите.
- **Споделување знаење** – пристап до мноштво ресурси, најдобри практики, стручни обуки и сознанија за да им помогне на бизнисите да ја интегрираат одржливоста во секојдневната работа и да се во тек со најдобрите меѓународни практики и трендови.
- **Индивидуален напредок** – преку членството компаниите ги унапредуваат своите практики за ESG, одржливост, општествена одговорност и вложување во заедницата.

Бизнис лидер(к)ите од нашите компании - членки ги одредија најзначајните прашања за бизнис одржливоста за програмата на КОБ. Изразија готовност за соработка и заеднички да создаваме промена во овие теми:

- Иселување на луѓето од земјата поради квалитетот на живот;
- Засилување на родовата рамноправност и семејната одговорност за задржување на вработените креирајќи прилагодени работни места;
- Заштита на животната средина и брза подготовка за исполнување на меѓународните побарувања и трендови;
- Квалитетното образование, пренос на знаење и можности за млади како инвестиција во новите генерации;

Компании - членки на Клубот на одговорни бизниси на Конект

- Јакнење на свеста на населението за клучни ESG аспекти;
- Наметнување повисок стандард во борбата против корупцијата;
- Приоди на проактивност на бизнисите и заедничко делување со добар пример и стратешки партнерства со граѓанските организации и институциите.

Ја организиравме првата средба „Кафе муабети за одржливост“ за **компаниите членки на Клубот на одговорни бизниси**. Домаќин на првата средба ни беше Фармахем коишто и практично ни покажаа како одржливоста и животната средина се вградени во нивните процеси. Споделивме професионални искуства, разменивме идеи, експертиза и совети од стручни експерти од областа на одржливоста. Ги мапиравме областите во кои треба да се насочат следните активности со фокус на Програмата за обнова на природата, биодиверзитет и климатска акција на КОБ и преку дискусијата потврдивме дека одржливоста се повеќе станува обврска и клучен дел од бизнис планот, а подготовката е важна особено на компаниите кои немаат воспоставени системи.



Членки на Клубот на одговорни бизниси на настанот „Кафе муабети за одржливост“ во „Фармахем“
Фотограф: Јован Лесански

## ОБНОВА НА ПРИРОДАТА, БИОДИВЕРЗИТЕТ И КЛИМАТСКА АКЦИЈА (Е - environmental)







Конект продолжи да ги поддржува компаниите во нивниот раст во општествената одговорност, односно ESG насочени кон одржлив развој. Нашето знаење и експертиза го споделуваме со компаниите и помагаме бизнисите да ги зајакнат своите капацитети. Организиравме обука за зелена транзиција, циркуларна економија и одржлив развој за компаниите членки на Клубот на одговорни бизниси, како и за оние кои беа заинтересирани да се приклучат. Во рамки на проектот „Еко дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку инклузивно застапување на политики“ кофинансиран од Европската Унија и имплементиран од Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип (ФРЛЗ) во партнерство со здружението „Конект“и здружение

„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје “ обучивме **14 учесници и ги зголемивме знаењата на 8 компании** кои директно работат во оваа сфера, ги разгледавме најновите регулаторни трендови и практики од областа на ESG. Споделивме најдобри бизнис практики, ја претставивме **и <<Студијата на добри практики од локален бизнис сектор>> - „Климатска акција и заштита на природата“** што има за цел да промовира одржливи практики и да ги инспирира бизнисите да ја прошират нивната примена. Учесниците на обуката ја мапираа токму студијата на добри практики од бизнис секторот како една од најкорисните содржини и идентификуваа потреба од подетална едукација за ESG известувањето и законската регулатива од областа на управување со отпадот. Содржината на обуката беше практично насочена, со цел компаниите да можат да ги интегрираат стекнатите знаења во своите корпоративни стратегии за општествена одговорност (ООП), ESG - Environmental Social and Governance, (Животна средина, општество и управување)практики и KPI - **Key Performance Indicators (Клучни индикатори за успех)** и одржливи деловни модели. Оваа година развивме основен модул за животна средина и преку ваквите обуки успеавме да поттикнеме нови соработки и партнерства меѓу компаниите. Ги поврзавме компаниите Макстил и Беса Шоп кои покажаа интерес за можна идна соработка во својата област на делување, како директен резултат од активностите на проектот. Ова го демонстрира значењето на овие активности, не само како документирање и промоција на практиките, туку и како основа за поттикнување на соработка и заедничко делување меѓу компаниите.



Дел од атмосферата од обуката за зелена транзиција, одржлив развој и циркуларна економија – фото: Конект

Преку ваквите активности директно инвестираме во професионалците кои работат во областа на ООП и ESG во компаниите членки на клубот и продолжуваме да ја поттикнуваме општествената одговорност кај бизнис секторот. Нашата цел е да им помогнеме на компаниите преку принципите на бизнис етика и одржливост, да обезбедат зголемена продуктивност, иновации и долгорочен одржлив развој.



## БЛАГОСОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ (S - social)

Одржувањето на продуктивни работни места и задоволни вработени е клучно за членките на Клубот за одговорни бизниси. Продолживме со поддршка на јавниот и приватниот сектор за зајакнување на родово одговорните семејни политики и за промовирање на работни места кои се прилагодени на потребите на вработените, нивните семејни и приватни околности.



Во рамки на програмата „Проширување на изборот преку политики за усогласување на семејните и работните обврски“, каде што сме имплементирачки партнер на  Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), финансиски поддржана од Австриската агенција за развој (АДА) **поддржавме 7 компании** со кои развивме скроени планови за нивна поддршка со цел унапредување и/или воведување на родово одговорни семејни политики. Во рамки на програмата се вклучија членките на КОБ: Фармахем, НЛБ, ЕВН и Алкалоид и дополнително овозможивме поддршка за компаниите Витаминка, Комфи Ангел и Текстил Солушн. Со компаниите започнавме со имплементација на активности: психосоцијални работилници, проценка на моменталните политики и развој на идни политики за флексибилни работни аранжмани, креирање


Детски работилници во Comfy Angel – фото: Конект



Каталог за збогатените содржини на НЛБ библиотеката - дизајн на Вања Штркова



Учесници на работилницата во Битола и во Штип - фото: Конект





Учесници на работилницата со компании во Скопје – фото: Конект

специјализирани програми за поддршка на децата на вработените и сл. Во активностите обезбедивме поддршка за **161 вработени и 24 деца на вработените**.

Дополнително овозможивме директно јакнење на капацитетите од приватниот сектор за важноста од родово одговорните семејни политики и нивното влијание не само врз вработените туку и врз одржливоста на бизнисот. Низ **3 работилници, опфативме 38 претставници од 28 компании** од Скопскиот плански регион, Пелагонискиот плански регион и Источниот плански регион. Работилниците се и место за размена каде учесниците идентификуваат добри практики кои служат и како вредни извори на инспирација во сопствените компании. Преку прашалниците за евалуација учесниците покажуваат зголемено ниво на разбирање зошто семејно одговорните политики се важни и како тие можат да и помогнат на компанијата да привлече и задржи таленти.

Приодот во програмата подразбира и водење на мулти-секторски дијалог и соработка. Организиравме **5 големи мулти-секторски настани** (конференција по повод светскиот ден на населението, 3 тркалезни маси во Битола, Штип и Скопје, HR викендот во соработка со Македонската асоцијација за човечки ресурси, сесии за размена на искуства).

Настанот за светскиот ден на населението испрати силна порака дека преку воведување на РОСП се овозможува искористување на демографскиот потенцијал во нашата земја. Ефективните РОСП треба подеднакво да ги поддржат и жените и мажите, осигурувајќи дека грижата за семејството и домот е заедничка одговорност, што ќе го поттикне учеството и задржувањето на жените во работната сила. Постои витална врска помеѓу демографските промени, родовата еднаквост и одржливиот национален развој. На панелот помеѓу претставниците од  претставници од Владата, здруженијата, приватниот сектор и меѓународната заедница се потенцираше дека преку создавање работни места кои повеќе ќе го поддржуваат семејството, ќе се овозможи подобро искористување на човечкиот и демографскиот капитал на земјата.



Тркалезна маса во Скопје – фото: БКСМ




Дијалог за меѓународен ден на население - фото: Конект

Од тркалезните маси се заклучи дека РОСП овозможуваат придобивки и за компаниите и за општеството. Беше спомнато дека треба да им се даде посебна поддршка на малите и средни претпријатија за да можат да се усогласат со ESG и РОСП. Дискусиите ја истакнаа поголемата потреба од установи за нега на стари лица на општинско ниво, како и идентификуваа јасна потреба од законски измени, особено во врска со отсуството од татковци, здравственото осигурување и пофлексибилните можности за вработување кои би излегле од рамката на вработување или на полно или на полу работно време. Тркалезните маси резултираа со силен договор дека директната владина поддршка за РОСП - преку финансиска помош, зголемување на јавните услуги, како и потенцијални даночни олеснувања - ќе биде од суштинско значење за нивно широко усвојување од страна на приватниот сектор.

Настаните ги вклучија Регионалната канцеларија на УНФПА, австриската амбасада, коморите, синдикатите, бизнис асоцијации, граѓанскиот сектор и образовни институции. Како клучни чинители во креирањето на политиките, во 2025 година соработувавме и со државните и локалните институции на јакнење на нивните капацитети во оваа област. На интерактивните работилници тие ги осознаа од пракса добрите практики и трендови на родово одговорни семејни политики. Воедно отворено размислуваа за системските празнини како што се потребата од подобрени флексибилни работни аранжмани, подобри механизми за заштита од мобинг на работното место и можности за интегрирање на политиките прилагодени за семејствата во сите закони и прописи.

Во текот на 2025 година во програмата активно се вклучија **211 учесници од кои над 70% беа жени**. Програмата достигна **9.401 прегледи и 1.031 вклученост** преку социјалните медиуми, со 70+ промо пакети дистрибуирани офлајн.

Продолживме и со промовирање на стандардот за баланс меѓу работниот и приватниот живот MAMFORCE што е одлична можност работодавачите да ги унапредуваат своите практики за задоволни и продуктивни вработени.






Дводневна работилница со институции во Велес - фото: Конект

**Цели за одржлив развој (ЦОР)**

Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на ГО, бизнис секторот и институциите. Тие се платформа за градење на меѓу-секторски партнерства за постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Континуирано работиме на Цел 17: Партнерства за остварување на целите. Различни сектори ги поврзавме за заеднички да работат за доброто на своите заедници охрабрувајќи ги промените што ги посакуваат да ги земат во свои раце и да ги остварат. Сите наши иницијативи се поврзани со ЦОР за активно да придонесеме за подобар и одржлив свет. Прочитајте повеќе на www.sdgs.mk.

Изминатите години во нашите иницијативи за меѓу-секторски партнерства за одржлив развој, заедно со компаниите, граѓанскиот сектор и институциите ги измапиравме приоритетните области за нашата земја каде што заеднички може да постигнеме значајни промени. Тие приоритетни ЦОР ги пресликавме и во приоритетните области на првиот донаторски фонд кај нас како и во програмите на Клубот на одговорни бизниси.




## КОНЕКТИРАЈ СЕ!

Кога бизнисите и граѓанските организации соработуваат, тие активно создаваат силни основи за одржлив развој и подобар живот за сите. Бизнисите имаат уникатна можност да го поддржат општествениот развој преку инвестиции во проекти кои значително ќе го подобрат животот во заедниците. Во исто време, граѓанските организации ги поседуваат стручноста и знаењето за потребите на заедниците, што ги прави клучни партнери во оваа соработка. Преку сервисот „Конектирај се“, продолжуваме да ги поврзуваме граѓанските организации со компаниите и институциите. Знаењата и експертизата што ги нудат компаниите се значаен ресурс за граѓанските

организации, а нашата улога е да ги поддржиме стратешките партнерства кои носат корист и за бизнисите и за ГО. Поддршката што ја нудиме за граѓанските организации се прилагодува во зависност од нивните специфични потреби и ресурсите што се достапни од компаниите.

**„Конектирај се!“ зближува компании и граѓански организации**. Годината ја завршуваме со **7 успешни поврзувања** помеѓу компании и граѓански организации во Скопје и Битола.

# З А С Т А П У В А Њ Е

## ЗАСТАПУВАМЕ ЗА ПОДОБРИ ЗАКОНИ И ПОЛИТИКИ

Продолживме активно да застапуваме и да ја ставаме на располагање нашата експертиза за законите и политиките кај нас да поттикнуваат повеќе донирање и општествено одговорни практики. Низ соработка и дијалог доаѓаме до подобри решенија.

Во пристапот се консултираме со сите чинители, а особено нашата мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации што во 2025 година брои 128 членки. Соработуваме со институции и преку нашето клучно партнерство со Европскиот центар за непрофитно право од Хаг носиме значајна меѓународна експертиза во нудењето на решенија. Преку мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации заедно со членките, активно се вклучуваме во клучни процеси за граѓанскиот сектор. Поттикнавме членките на мрежата да се вклучат со свои предлози за заедничко застапување, особено во процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кој продолжува по одреден застој. Редовно ги информиравме за законските обврски и роковите кои ги имаат граѓанските организации кон институциите и јавноста, како и за важноста на навременото следење на овие процеси. Со членките на мрежата и со останатите граѓански организации ставаме на располагање ресурси со коишто им помагаме во градење на нивните капацитети. Во консултација со членките, доставивме предлог за придонес во подготовката на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, согласно јавниот повик. Укажавме на потребата од измена на важни закони, вклучувајќи го Законот за донации и спонзорства, Законот за сметководство на непрофитни организации, како и Законот за волонтерство. **Придружете се** во мрежата за финансиска одржливост на ГО!

На почетокот на месец април 2025 извршната директорка на „Конект“, г-а Никица Кусиникова беше избрана за претседателка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскиот општество. Во текот на целиот период ги информираме членките на мрежата за сите активности и напредок, како и за работата со Советот. Продолжуваме заеднички да застапуваме за поволни промени за граѓанските организации.

Заедно со Фондот на население при Обединети Нации овозможивме родово одговорните семејни политики за прв пат да влезат на **највисоката трипартитна платформа на државата, Економско-социјалниот совет (ЕСС)**, на седницата во декември 2025 година. Ова означува значаен исчекор: темата стана официјално призната и влезе во консултативниот процес за промена на политиките кој е предвиден за 2026 година.

Работевме и на саморегулација на граѓанскиот сектор за да се обезбеди најдобра пракса во прибирањето донации. Нашите правила и насоки за прибирање и документирање на донации во

готовина или на различни настани го прават донирањето полесно, побезбедно и транспарентно. Овие правила ги споделуваме со сите организации и чинители за активно да ги користат при прибирањето средства со цел да се воспоставува добра пракса и да се зајакнува транспарентноста и отчетноста. Ваквите активности ги поврзавме и со критериумите на Ознаката за доверба.

## ЗАСТАПУВАМЕ РЕГИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО

Нашето искуство и експертиза ги вложуваме и во подобрување на политиките и средината за делување на граѓанските организации во регионот и глобално. Анализите на сите клучни чинители укажуваат дека има значително стеснување на просторот за делување на граѓанските организации и дека тие се соочуваат со притисоци и бариери во работењето. Меѓународните политики за спречување на тероризмот како и стандардите за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот имаат особено негативно влијание врз активистите, граѓанските организации и нивната финансиска одржливост. Користењето на наративот дека донациите можат да се злоупотребат за финансирање на тероризмот негативно влијае и врз довербата во концептот на донирање. Поради тоа, нашите напори на национално, регионално и меѓународно ниво се насочени кон градење на свест и разбирање за овие негативни влијание, зајакнување на капацитетите на институциите, банките, ГО и останатите чинители како и застапување за промена на политиките и креирање на заштита и безбеден простор за граѓанските организации.

Активни членови сме на глобалните мрежи како што е **Глобалната НПО коалиција за ФАТФ** преку која во 2025 година се фокусиравме на застапување со цел стандардите на Работната група за финансиска акција (ФАТФ) да не ги нарушуваат легитимните хуманитарни и развојни активности на непрофитните организации, особено преку примената на Препораката 8 базирана на ризик, борба против финансиското исклучување на организациите и ублажување на несаканите последици од политиките за спречување на перење пари (AML). Активно учествуваме во воспоставениот механизам на ФАТФ за редовен дијалог и консултации со непрофитниот сектор каде даваме фидбек и поставуваме прашања по заклучоците од пленарните седници на ФАТФ. Ја следиме новата директива на ЕУ поврзана со краудфандинг платформите. Во таа насока дел сме од активностите на коалицијата за утврдување на влијанието на новата директива врз краудфандинг платформите, особено тие што се раководени од страна на граѓанските организации. Бевме дел и од консултациите на ЕБА (Европска банкарска асоцијација) поврзано со индикаторите од новата директива на ЕУ за СПП/ФТ.

Преку **Коалицијата на граѓански организации за човекови права и борба против тероризмот** во март, заедно со 42 членови бевме дел од стратешкиот ритрит во Брисел, Белгија, каде дискутиравме за глобалните и регионалните трендови во влијанието на мерките за борба против тероризмот врз граѓанскиот простор, идентификувавме можности за колективно застапување и начини за подобрување на управувањето со Коалицијата. Конект е член на управниот комитет на Коалицијата, кој месечно се состанува и ја координира агендата на глобално ниво. Во септември, учествувавме на годишниот собир на комитетот во Џакарта, Индонезија, каде се дискутираа процедурите за управување и донесување одлуки на Коалицијата, стратегијата и распределбата на ресурсите, како и стратегиите за проценка и ублажување на ризиците. По собирот, беа наведени неколку точки на дејствување што треба да се

преземат вклучително и ажурирање на аранжманите за управување и изјавата за вредности, финализирање на критериумите и процесот на донесување одлуки.

# ПОДДРШКА НА ГО

## МЕНТОРСТВО ЗА МОБИЛИЗИРАЊЕ ЛОКАЛНИ РЕСУРСИ

Граѓанските организации се вредни за повеќе поддршка. Односот на граѓанската организација со донаторите треба да биде ориентиран кон градење на долгорочни партнерства кои ќе водат кон стабилни ресурси и позитивни влијанија во заедницата. Ова се дел од клучните совети кои редовно им ги посочуваме на граѓанските организации во процесот на нивно менторство за организирање настани за мобилизирање локални ресурси.

Годинава менториравме вкупно **25 организации,** за мобилизирање ресурси на специјализирани настани, како и за соодветно водење, насоки и практично знаење како да постават и спроведуваат онлајн кампањи за прибирање ресурси од донатори преку платформата за групно донирање „Оп-оп“.

**„Менторството од Конект ни беше навистина значајно и корисно. Пристапот им е јасен, директен и фокусиран на конкретни решенија што можевме веднаш да ги примениме во нашата работа. Начинот на кој пристапија кон мапирањето на приватниот сектор и обуките за локално финансирање ни помогна да изградиме конкретни алатки, реална база на потенцијални партнери и јасна насока за одржливост. Со нивната поддршка се чувствувавме посигурни и поподготвени да градиме долгорочни партнерства и да мобилизираме ресурси на локално ниво.“** – Наташа Петковска, „Хелсиншки комитет за човекови права“




Стекнатото знаење и вештини сега тие го користат и организираат различни настани и активности за да добијат повеќе донации и поддршка што ја заслужуваат. Организациите кои покажаа интерес годинава ги менториравме за подготовка на стратегија и организирање настани за прибирање локални ресурси и ги поддржавме да ги реализираат. Низ менторскиот процес им помагаме да се стекнат со сигурност во пристапот кон нови донатори, заеднички ги мапиравме потенцијалните

донатори согласно нивното поле на делување, ги советуваме за поуспешно да ги реализираат активностите и да се здобијат со поголем број донации од бизнисите и од граѓаните.

Дел од организациите продолжија да ги користат своите добро познати начини на кои пристапуваат кон потенцијалните донатори за прибирање средства, а пак дел од организациите за прв пат организираа специјални настани и со наша помош добија значајни донации. Се стекнаа со нов круг на поддржувачи и донатори кои и во иднина ќе ја поддржуваат нивната работа.

## ЗАЕДНИЧКИ ЧЕКОРИ КОН ЕДНАКВОСТ И ИНКЛУЗИЈА

По повод 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите, Здружението „Иницијатива за правата на жените“ од Шуто Оризари додели благодарница на здружението „Конект“ за особен придонес во инклузијата на ромската заедница во Република Северна Македонија.

Ова признание претставува потврда за нашата посветеност во градењето праведно и инклузивно општество, каде секој граѓанин има еднакви можности и права. Заедничките напори со нашите партнери за искоренување на дискриминацијата и подобрување на животот на ромската заедница ќе продолжат и понатаму.

Чест ни е што нашата работа е препознаена и вреднувана, а оваа благодарница е дополнителна мотивација да продолжиме со уште поголема енергија и посветеност.




Благодарница за „Конект“ од здружението„Иницијатива за правата на жените“ од Шуто Оризари – фотографија на Конект

## ОЗНАКА ЗА ДОВЕРБА

Ја зголемуваме довербата во граѓанскиот сектор. Ознаката за доверба е веќе препознатлив механизам за само-регулација во граѓанскиот сектор што на граѓаните и компаниите им го олеснува изборот на доверливи организации каде можат да донираат и да бидат сигурни во својот избор. Преку транспарентен процес и темелна проверка, ознаката укажува на препорачани организации вредни за поддршка од донаторите. Организациите со ознака за доверба работат по високи стандарди и со посветеност на мисијата и вредностите, тие се транспарентни и отчетни, а управувањето е одговорно и осигурува законитост и безбедно раководење со финансиите. Затоа организациите со Ознаката за доверба

активно ги промовираме кај корпоративните и индивидуални донатори и на платформата за групно донирање Оп-оп.










Оваа година се состана Одборот на ознаката и како резултат, на настанот „Ден за благодарност во Конект" во 2025 година ги сертифициравме следните две (2) организации со ознака за доверба од целосно ниво: „Кризен Центар Надеж" и „Организација на жените на општина Свети Николе" (ОЖОСВН).




Сертифицирани организации со Ознака за доверба – фотографија на Конект

# КОНЕКТ ВО МЕДИУМИТЕ

континуирано медиумско присуство

40 објави

7 ТВ гостувања

3 статии



# ФИНАНСИИТЕ ВО КОНЕКТ

Во 2025 година вкупните приходи на Конект изнесуваат 21,504,261денари и се преполовени во споредба со претходната година. Тоа се должи пред сѐ поради прекинот на програмите за филантропија поради повлекувањето на УСАИД и нивните развојни програми. Но и со значително намалени приходи, забележуваме на места и зголемени резултати во споредба со претходната година, како зголемување на донациите преку платформата Оп-оп и донациите наменети националниот донаторски фонд кој во 2025 година. Сопствените средства пренесени од минатите години беа клучни за само-одржливост на организацијата и премостување на недостатокот на средства по прекинот на донаторската поддршка од УСАИД.



| Извори на финансирање | Приходи (МКД) |
|---|---|
| Проект на УСАИД „Партнерства за донирање“ – Национална филантропија | 2.004.890 |
| Проект на УСАИД „Здружи се за заедницата“ – Локална филантропија | 2.802.055 |
| ЕУ проект „Еко дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку инклузивно застапување на политики“ | 934.254 |
| Цивика Мобилитас, преку Македонски центар за меѓународна соработка | 1.500.000 |
| Европска иницијатива на фондации на заедниците (ECFI) | 831.717 |
| Проширување на изборот преку политики за усогласување на семејните и работните обврски, УНФПА | 3.112.137 |
| Амбасада на Р. Франција | 103.659 |
| „Фондации на заедницата – Зајакнување на локалната филантропија во Западен Балкан“, ЕУ преку WBF | 786.662 |
| Донации преку смс | 34.600 |
| Донации од физички лица | 1.488.072 |
| Донации од компании | 593.200 |
| Приходи од донации за граѓански организации | 39.300 |
| Поддршка од членки на Клуб на одговорни бизниси | 538.116 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 11.992 |
| Приходи од надомест на патни и режиски трошоци | 44.228 |
| Пренесен вишок од минатата година | 6.577.879 |
| Останати приходи | 101.500 |
| **ВКУПНО** | **21.504.261** |

Во организацијата на почеток на 2025 год. на полно работно време беа вработени 9 лица. До крајот на годината тимот се заокружи на 4.5 вработени. Просечната месечна бруто плата за 2025 на извршната директорка изнесуваше 137,457 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,05 додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,5. Во делот на програмските трошоци, годинава реализиравме 1,662,755 денари директна финансиска поддршка за граѓански организации за мобилизирање локални ресурси (грантови и менторирање за филантропија), преку донаторскиот кружок и првиот национален донаторски фонд и платформата „Оп-оп“.



# БЛАГОДАРИМЕ ДОНАТОРИ

Им благодариме на сите што донираа директно на Конект. Нашите донатори ни овозможија да ја следиме нашата мисија и да постигнеме успеси во 2025 година. Успесите на Конект се и ваши!

УСАИД Северна Македонија
Фонд за население на Обединетите нации
Европска Унија
Македонски центар за меѓународна соработка
Европска иницијатива на фондации на заедниците
Француска Амбасада

Фондација ТЕЛЕКОМ
Фармахем
Везе шари

Уника лајф АД
Цементарница УСЈЕ
Никола Булески
Никола Ефтимов
Лидија Георгиева
Изет Цури
Силвија Михајловска (Алшар)
Ирина Тошева
Олгица Ѓоргиева
Катерина Тошева
Антонија Гугинска Јорданоска („MilkDesign")
Наталија Терзијоска („Терзија“)
Билјана Силјановска („Ве“)
Радмила Давидовиќ Настев
Снежана Ефковска
Ивана Груевска
Марта Поп Антоска („M Art Gallery")
Александра Ристовска („MORPHO")
Марија Таировска („Marcy's Handmade")
Александар Стојанов-Зорин
„ESNAF“
Дамјан Ристовски („Народни носии")
Љубица Солак
Мирјана Јосифоска
„Made in Idrizovo“
Петар Кајевски („11i11 saat“)
Огнен Јанески
Ана Зафирова



Благодариме и на над 190 сограѓани/ки кои донираа за организациите преку донаторскиот кружок и „Денови за донирање“.

Пивара АД Скопје
Винарија Камник
Винарија Сопот
Волонтерски центар Скопје
СКАЛА - Школа за дизајн
Студио 1
Македонска модна асоцијација
А1 Македонија
Вања Шереметкоски
Љупка Новеска Андонова
Јулијана Даскалов
Пепица Манчева
Ирина Хаџи Митова
Марија Цикарска
Ана Димовска
Chriss Henshaw
Ѓорге Јанев
Јаков Каран
Весна Иванова
Гордана Вренцоска
Валентина Величковска
Анита Димова
Cloe Courigen
Горјан Каран
Leaute Guiuet Youna
Baudoujn Camille
Елена Крстевска
Андреа Танаскоска
Ивана Танаскоска
Александра Спасеска
Ивана Јовановска
Јана Мишо



# ЗА КОНЕКТ

18 години посветено го градиме потенцијалот на Република Северна Македонија, таа да се развива потпирајќи се на локалните ресурси и капацитети. Знаеме дека донирањето, општествената одговорност и заедничката соработка имаат моќ да обликуваат подобро општество во кое секој може да биде активен учесник во процесите на развој. Затоа, работиме со и за граѓаните, семејствата што донираат, непрофитните организации, бизнисите и институциите во области во коишто заеднички можеме да направиме значителна разлика.

Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и оштествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се и моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Ние сме клучна алка на поврзување на оние кои сакаат да го поттикнат одржливиот развој. Служиме со својата специфична експертиза, услуги и влијателни програми што ги следат потребите на нашите корисници и на заедниците. Знаењето го збогатуваме преку нашето членство и основање на значајни домашни и меѓународни иницијативи, мрежи, тела, комори итн.

За повеќе информации и соработка, Конект е тука за вас. Контактирајте нé и заедно со вас, да градиме подобри и одржливи заедници.

ул. „Ристо Шишков“ 12-1/4
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: **konekt@konekt.org.mk**

**www.konekt.org.mk**
**www.donirajpametno.mk**
**www.bezkorupcija.mk**
**www.sdgs.mk**

**www.opop.mk**

**Клуб на одговорни бизниси**